

*Надежда Петровиќ:* *АВТОПОРТРЕТ*

# Отворена е изложба на Надежда Петровиќ

Вчера претпладне во 11 часот во Уметничката галерија во Скопје беше отворена изложба на познатата српска сликарка Надежда Петровиќ. Изложбата ја отвори директорот на Уметничката галерија Никола Мартиновски. За делото на Надежда Петровиќ зборуваше и писателот Вељко Петровиќ, директор на Белградскиот народен музеј.

Оваа изложба е приредена од слики што се наоѓаат во Белградскиот народен музеј и некои приватни колекции. Токму затоа изложбата е мошне занимлива и на неа можат да се видат и некои значајни остварувања на оваа позната сликарка — импресионист, кои не се наоѓаа изложени во некоја соодветна установа.